РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

12-4707/2

04-08-2021

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од познат подносител, на продолжението на 50-та седница одржано на ден 22.07.2021 година година донесе

**О Д Л У К А**

Пријавата број 12- 4707/1 од 08.10.2019 година доставена од страна на познат подносител **СЕ ОТФРЛА**.

Државната комисија за спречување на корупцијата нема основи за надлежно постапување бидејќи доставените докази не упатуваат на службени лица или институции кои со незаконски постапувања му предизвикале штета на пријавителот.

Предметот со број 12-4707 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот е оформен врз основа на доставени документи заверени во архивата на Државната комисија под број 12- 4707/1 од 08.10.2019 година, доставени од познат подносител --------------- од ----------------.

Доставени се копии од документација во врска со градење на објект – двојна семејна куќа која се наоѓа во Општина --------------, без текстуално објаснување и нема наводи за незаконитости во постапката.

Пријавителот доставил копија од следната документација:

- Решение за доделување на градежно неизградено земјиште (план) за користење во град ---------, со УП бр. ------- од --------.1988 година, издадено од Одделение за стопанство и финансии;
- Решение од --------.1988 со УП бр. ------- издадено од Управата за општествени приходи;
- Пресметка за плаќање на средства за изградба на засолништа со бр. 144 од -----.1988 година, издадена од Одделението за урбанизам, станбено комунални работи;
- Решение за локација со бр. ---- од ----.1988 година, издадено од Општина ------, отсек за урбанизам, комуналии и станбени прашања;
- Записник за градежна линија за изградба на нова куќа за оградување на дворно место, со бр. ----- од -----.1988 год, издаден од Општина -------;

- Одобрение за градба со УП бр. ----- од -------.1988 година, издадено од Одделение за градежништво, урбанизам, станбени и комунални работи при Општина ----------;
- Поседовен лист- препис извод бр. 2021 заведен под број -------.1988 година;
- Решение за приватизација на градежно земјиште стекнато со надомест, издадено од Министерство за финансии- Управа за имотно-правни работи, со правосилност на ден --------.2011 година;
- Уверение издадено од Агенцијата за катастар со бр. --------- од -------.2010 година;
- Копија од катастарски план со бр. ------ од -----.2010 година, издадена од Агенцијата за катастар на РМ;
- Имотен лист ---- – Препис од ------.2019 година;
- Пресметка за надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект по барање на инвеститорот, со број УП1 бр. ------ од ------.2019;
- Урбанистичка согласност за бесправен објект со УП1 бр. ------ од -----.2019 год издадена од Општина ------------;
- Заклучок за плаќање на надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект со број УП 1 бр. ------- од -------.2019 година;
- Решение за утврдување на правен статус на бесправни објекти со бр. УП1 бр. ------- од ------.2019;
- Имотен лист број ------- од -------.2019 година;

Врз основа на сите околности и на доставената документација кои се содржани во предметната пријава, Државната комисија за спречување на корупцијата, од аспект на своите надлежности, во предметната пријава утврди дека доставените документи не укажуваат за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност поради што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до
-Архива
- подносителот

Изработил: К.З., Советник
Одобрил: К.Н.., Член на ДКСК